Здружение на граѓани
МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ
Бр. 0206/37-1
17.03. 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 18, член 23 и член 36 од Законот за здруженија и фондации (Службен Весник на РСМ бр.52/2010, 135/2011 и 55/2016), Собранието на "МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ" - Скопје, на седницата одржана на 27.02.2021 година ја донесе следната

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ на "МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ" – Скопје**

Член 1

Во член 18 се додава нов став кој гласи:

Вонредна седница на Собранието може да се свика по предлог на Управниот одбор на Здружението, на 1/3 од вкупниот број членови на Собранието или Извршниот директор на Здружението.

Член 2

Во членот 19 се менуваат ставовите 2 и 3 и гласат:

Конкурсот за избор на членови на Управен одбор на Здружението го распишува Претседателот на здружението најмалку 2 (две) седмици пред изборот. Во прилог на кандидатурата за член на УО, кандидатот доставува биографија и мотивационо писмо.

Конкурсот за избор на Претседател на Здружението го распишува Претседателот на Управниот одбор најмалку 2 (две) седмици пред изборот. Во прилог на кандидатурата за Претседател, кандидатот доставува биографија, мотивационо писмо и програма за работа.

Член 3

Во членот 20 се додава нова точка:

- Одлучува за промена на целта на здружението

Член 4

Во членот 23 се менува ставот 4 и гласи:

Мнозинството членови на Управен одбор се избираат од редот на членовите на МОФ, кои биле активни во Здружението најмалку една година пред изборот. Член на Управен одбор може да биде и надворешно лице.

Член 5

Во членот 24 се менува втората точка и се додаваат нови точки кои гласат:

- Распишува конкурс за избор на Административен директор на здружението, го избира од пријавените кандидати на конкурсот кои ги исполнуваат условите предвидени со актите на здружението, со мнозинство од вкупниот број на членови на УО и го разрешува;
- Дава препораки и прави мониторинг на финансиското работење;
- Одлучува за висината на членарината
- По потреба и по барање на извршниот директор се вклучува во избор на вработени
- Предлага формирање на работни тела и учествува во нивната работа

Член 6

Во членот 27 се додава нова точка која гласи:

- Распишува конкурс на членови на УО

Член 7

Главата „Редовна администрација на здружението" од член 30 до член 32 се брише.

Член 8

Членот 33 станува член 30, членот 34 станува член 31, членот 35 станува член 32, членот 36 станува член 33, а членот 37 станува член 34.

Член 9

Во членот 36, а согласно оваа одлука член 33 се додава нов став кој гласи:

Инцијатива за измени и дополнувања на Статутот може да поднесе: Извршен директор, Претседател на здружението, Административен директор, Програмски директор, Управен одбор или 1/3 од членството на Собранието. Иницијативата се поднесува писмено до Претседателот на здружението.

Димитар Низамовски
Извршен директор
Младински образовен форум